Бр./Nr 12-2371/2
03-09-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2371/1 од 10.07.2026 година, поднесена од непознат подносител без посочување на конкретни службени лица и незаконити дејствија поврзани со издадено Одобрение за градба бр. ------- од 13.03.2026 година, од Општина ------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што нема конкретни наводи за лица или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност во пријавениот случај.

Предметот со број 12-2371/1 од 10.07.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител, на ден 10.07.2026 година, поднесена е пријава без посочување на конкретни службени лица и незаконити дејствија поврзани со издадено Одобрение за градба бр. ------ од 13.03.2026 година, од Општина ----- - Скопје, и оформен е предмет број 12-2371/1 од 10.07.2026 година.
Во пријавата подносителот изразува мислење дека одобрението за градба е добиено со мито и корупција. Според него, додека се води судски спор за дел од градежната парцела не може да се издаде одобрението за градба.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавата содржи општи наводи и лично мислење на подносителот, без посочување на конкретни службени лица и конкретни незаконити или недозволени дејствија при вршење на јавни овластувања и службена должност.

ДКСК, постапувајќи по пријавата, утврди дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, поради тоа што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК